


Време, број 1578, 29.01.2009




УСПЕШЕН ПРОЕКТОТ ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ

## Неделно се собираат два тони пластика

По два тони пластичен отпад се подигнува неделно, од поставените 120 контејнери за ПЕТ-амбалажа, главно на територијата на Карпош. Според надлежните од „Комунална хигиена", за целосно да биде покриено колективното домување во градот, потребен е двојно поголем број контејнери за пластика. - Во Карпош сега се покриени 70 проценти од индивидуалното домување, а 50 проценти од колективното. Подигнуваме по два тони пластичен отпад неделно, но во иднина планираме да подигаме по пет тони. Мора да признаеме дека имаме слаба поддршка од стопанството и дека на ова ниво работиме со загуби - рече Златко Димовски, директор комуналното претпријатие. Тој очекува дека наскоро ќе се промени Законот за третман на отпадот, кој ќе овозможи поефикасно собирање и третман на пластичниот отпад.

Досегашните искуства од спроведувањето на проектот за рециклирање на ПЕТ-амбалажа, што една година се спроведува на подрачјето на општината Карпош, надлежните ги оценуваат како успешни. И градоначалникот Трифун Костовски соработката со УСАИД на ова поле високо ја цени и верува дека селектирањето на пластичната амбалажа ќе продолжи на целото подрачје на градот. Претставниците од УСАИД на вчерашната средба со скопскиот градоначалник се интересираа дали на Скопје му се потребни уште контејнери за пластичен отпад за да се прошири системот за селектирање.

Слични статии:

---

Останати статии од оваа рубрика:

---

ВО ПОВЕЌЕ СКОПСКИ НАСЕЛБИ
Поставени нови трафостаници

ГОЛЕМ БРОЈ БАРАЊА ЗА ЖИТЕЛСТВО ЧЕКААТ ОДОБРУВАЊЕ
Младите сакаат да живеат во Скопје

СО ПОМОШ НА УСАИД
Нови прозорци во„Јоаким Крчовски"

ЌЕ ПРОДОЛЖИ ПРОШИРУВАЊЕТО НА БУЛЕВАРОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Потесна пешачка зона на крстосницата кај судовите

ОПШТИНА КАРПОШ
Почна проектот „Ефект 48"

Сајт на денот



Конгрегејт - заедница за игри во Флеш

Оценки/Коментари Оценете

(Редакцијата ВРЕМЕ Ве моли опцијата коментари да ја користите за изнесување на вашиот став за наведената рубрика, а не за меѓусебно препукување. Како друга опција можете да го искористите и форумот на ВРЕМЕ **http://forums.vreme.com.mk/**
каде слободно можете да се најавите и да дискутирате за било која тема.)

XML

Бидете првиот што ја оценил оваа статија!

EXCLUSIVECOM.MK




ПРОЕКТ ЗА УПРАВУВАЊЕ
СО ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕКТОР
THE WORLD BANK
www.moh-hsmp.gov.mk
ПОСЕТЕТЕ НÈ! ИНФОРМИРАЈТЕ СЕ!
Сè за реформите во здравството
на едно место и веднаш достапно.




Net Press

www.folkmk.com
ЗА СИТЕ ФОЛКЕРИ




Шпиц

A1.com.mk
проверете сами

Antenna5.FM

СОЈУЗ НА СТОПАНСКИ
КОМОРИ НА МАКЕДОНИЈА

| **Најава**

© 2005 Време. www.vreme.com.mk Сите права се задржани.